Прилог бр.3		**Предметна програма од трет циклус на студии**
1.	Наслов на наставниот предмет	ПЛУНКАТА – ДИЈАГНОСТИЧКИ И ПРОГНОСТИЧКИ БИОЛОШКИ ФЛУИД
2.	Код	ДСОМП4
3.	Студиска програма	Трет циклус студии – докторски студии по стоматологија на Стоматолошки факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје

4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје Катедра за болести на устата и пародонтот			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Одговорен наставник: Проф. д-р Ќиро Ивановски Проф. д-р Стевица Ристоска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	/			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Запознавање на студентот со новите можности кои ги пружа плунката како дијагностички медиум за орални и општи заболувања Студентот ќе стекне знаење за влијанието на различни фактори кои го овозможуваат користењето на плунката како дијагностичка алатка, ќе знае кои саливарни маркери се соодветни за дијагностички и прогностички цели на оралните и системските заболувања.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Содржина на предметната програма: **Теоретска настава:** Поглавје 1: Плунка – главен орален медиум за оралното здравје. – 3 часа Резултати од учење: студентот ќе знае да ги објасни сите орални функции поврзани со плунката и ќе може асоцијативно да ги анализира можните последици од намалено лачење/отсуство на плунка. Поглавје 2: Невробиолошки и молекуларни аспекти на саливарната секреција. – 3 часа Резултати од учење: Студентот ќе ги совлада нервната, ендокрината и молекуларната основа на секреција на плунката Поглавје 3: Фактори на стимулација на секрецијата на плунката – 3 часа Резултати од учење: знаење за ефектите на различни фактори на средината, начинот на однесување на индивидуата врз валидноста на саливарните дијагностички тестови. Поглавје 4 : Составни компонти на плунката, нивно потекло и нивна биорасположувост во оралната празнина – 3 часа			

		Резултати од учење: усвојување на продлабочени знаења за саливарните компоненти кои би можеле да се користат како доијагностички маркери. Поглавје 5: Саливарни протеински молекули значајни за дијагностика – 3 часа Резултати од учење: Студентот ќе се запознае со најновите сознанија за саливарниот протеомикс. Поглавје 6: Саливарни ензими значајни за дијагностика – 3 часа Резултати од учење: Студентот ќе го совлада изборот дијагностичката постапка во саливарната ензимологија. Поглавје 7: Метаболити присутни во плунката, значајни за дијагностика – 3 часа Резултати од учење: совладување на асоцијативните врски помеѓу метаболичките процеси во човековиот организам и биомолекулите во плунката Поглавје 8: Улога на плунката во минералниот еквилибриум и дијагностички постапки – 3 часа Резултати од учење: студентот ќе може да ги анализира и толкува дијагностичките постапки за квантифицирање на саливарните минерали, како и да ги поврзува резултатите со различни орални заболувања Поглавје 9: Саливарни електролити, орално здравје и методи за нивно квантифицирање -5 часа. Резултати од учење: поврзување на значењето на електролитите за оралното здравје и нивна дијагностика. Поглавје 10: Пародонтална болест и саливарна дијагностика – 5 часа Резултати од учење: запознавање со современте методи за користење на плунката за дијагностички, прогностички и тераписки цели кај пациенти со пародонтопатија. Поглавје 11: Кариес, некариозни лезии и саливарна дијагностика – 5 часа Резултати од учење: запознавање со современте методи за користење на плунката за дијагностички, цели кај пациенти со кариес и некариозни лезии на забите Поглавје 12: Орален карцином и саливарна дијагностика – 3 часа Резултати од учење: запознавање со современте методи за користење

		на плунката за дијагностички, прогностички и тераписки цели кај пациенти со орален карцином. Поглавје 13: Плунка и форензична стоматологија – 3 часа Резултати од учење: запознавање со современте методи за користење на плунката во форензичната стоматологија Вкупно:.....45 часа		
13	Заемна поврзаност на предметите	Овој предмет е поврзан со задолжителниот предмет: Методологија на научноистражувачка работа од I семестар и со изборниот предмет од II семестар – Лабораториски истражувања на плунката		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	- Презентација на методските единици од страна на професорот - Дискусија на часовите за теми кои особено ги интерисираат студентите - Домашни задачи кои студентите следниот час ги бранат пред останатите студенти - Решавање на различни проблеми кои ќе бидат задавани еднаш неделно преку алатката forms, преку tems - Презентација на семинари од старна на студентот/студентите - Метода на практично оспособување на студентот за изведување на различни саливарни тестови		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	45
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), **семинари**, тимска работа: часови	30
		16.3.	Пракса: часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	20
		17.2.	Самостојни задачи: часови	25
		17.3.	Домашно учење - задачи	60
18	Услови за потпис	Присуство на теоретската настава, изработка на еден семинар, 3 домашни задачи и 2 лабораториски теста.		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тест: бодови	40	
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	20	
	19.3.	Завршен испит: бодови	40	
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 59 бода	5 (пет) (F)	
		од 60 до 68 бода	6 (шест) (E)	
		од 69 до 76 бода	7 (седум) (D)	
		од 77 до 84 бода	8 (осум) (C)	
		од 85 до 92 бода	9 (девет) (B)	
		од 93 до 100 бода	10 (десет) (A)	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Самоевалуација од страна студентите, проодноста на студентите кои го положиле предметот, редовни состаноци на наставниот кадар за преглед на успешноста и идентификација на подобрувања, надворешна евалуација.		
22.	Литература			
	22.1.	Задолжителна литература		

		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Ивановски Ќ Пешевска С. Дирјанска К.	Орална биохемија и физиологија	Стоматолошки факултет Скопје	2023
		2.	Swati K. Et all.	A Review on Saliva-Based Health Diagnostics: Biomarker Selection and Future Directions	Elsevier	2023
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Mohammad A. et all.	Saliva as a diagnostic tool for oral and systemic diseases	Elsevier	2016
		2	Douglas A, Marcus K.	Salivary Bioscience	Elsevier	2020